Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 233/0306
22.05 20 20 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 18 мај 2020 година, врз основа на примена жалба од министерот за внатрешни работи, Наќе Чулев, за интернет – порталот „Нова ТВ“, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 30 април 2020 година, министерот за внатрешни работи, Наќе Чулев, поднесе жалба за текстот со наслов „Наќе Чулев на Влада гласал против одлуката за првомајските празници, а граѓаните ги нарекол агресивни“, објавен на 28 април 2020 година, на интернет - порталот „Нова ТВ“ (www.novatv.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи мешање на факти и мислење, вест и коментар, неточно и нефер известување и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Во жалбата на Чулев, меѓу другото, се посочува дека медиумот не објавил и демант.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со интернет - порталот „Нова ТВ“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Одговорниот уредник на медиумот, Борјан Јовановски, посочи дека од нивна страна бил направен пропуст, односно дека не го забележале демантот од Кабинетот на министерот Чулев, кој бил испратен на 29 април 2020 година, во 22 часот. Во одговорот на жалбата, Јовановски предочи дека грешката веднаш ќе ја коригираат со објавување на демантот.

Во комуникацијата со Советот за етика, од Кабинетот на министерот Чулев информираа дека се задоволни од одговорот и дека се согласни медиумот да го објави демантот и постапката да се затвори по пат на помирување меѓу страните. Советот го затвори случајот, откако прво констатираше дека интернет – порталот „Нова ТВ“ го објавил демантот, вклучително и извинување за направениот пропуст и задоцнетото објавување на демантот.[1]

Комисијата за жалби се согласи дека позитивно решениот процес на медијација треба да служи како пример за решавање на слични случаи и во иднина.

Во исто време, Комисијата ја цени, и во оваа прилика, ја поздравува и подготвеноста на медиумите да ги препознаат, признаат и коригираат пропустите во содржината.

[1] https://novatv.mk/chulev-demantira-deka-gi-narekol-graganite-agresivni/

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска,Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595